СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1400/2021

Дата 24-09-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чучер Сандево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.**

Должината на трасата на водот за којшто се издаваат условте за планирање на просторот изнесува 212 m, и се наоѓа на делови од катастарските парцели КП: 3258/2, 3447/1, 3443/1, 3281/1, 3287/1, 3286/1 и 3286/3.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02521** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, потребно е да се


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чучер Сандево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 33931 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за **поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**. Должината на трасата на водот за којшто се издаваат условте за планирањена просторот изнесува 212 m. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа делови од катастарските парцели КП: 3258/2, 3447/1, 3443/1, 3281/1, 3287/1, 3286/1 и 3286/3 и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1400/2021 од 20.09.2021 година.

Услови за планирање на просторот за поставување на приклучен СН вод 20(10) kV до компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4 kV, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk